# Посета на Евроамбасадорот Аиво Орав и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Димовски на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

На ден 28.11.2013 во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Евроамбасадорот г.Аиво Орав и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г.Љупчо Димовски оствариja работна средба со директорот на Агенцијата г. Тони Димовски.



Директорот на Агенцијата, г.Димовски се заблагодари на гостите за посетата и истакна дека Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој годишно превзема околу 90.000 барања за финансиска поддршка и врши околу 300.000 трансакции до крајните корисници на финансиски средства, одговорно и професионално ја исполнува својата обврска во однос на имплементацијата на мерките од програмите за финансиска поддршка во земјоделството како и мерките од пред-пристапната помош . Со кадровското зајакнување и поинтензивна работа АФПЗРР е подготвена да ги започне преговорите и да одговори на новите предизвици како што е акредитацијата на мерки од новиот циклус програми ИПАРД 2014-2020.



“Парите од ЕУ се повеќе теоретски зошто нема земја во ЕУ или држава кандидат за членство која може да апсорбира 100 отсто од средствата. Но, вашата цел би требало да биде повлекување што повеќе, блиску до 100 проценти“ изјави Орав по посетата на Платежната агенција.

Министерот Димовски изрази благодарност до земјите членки на Европската Унија за нивната поддршка во делот на македонското земјоделството, посебно преку проекти како што е актуелниот ЕУ твининг проект за воведување на вкрстена сообразност во директните плаќања, што ќе придонесат за воведување стандарди за заштита на животната средина , растенијата и животните, согласно ЕУ барањата.

.